Брисел, 9 ноември 2005 година

КОМ (2005) 562

**ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА**

**Мислење на Комисијата за Барањето на Република Македонија[*]**
**за членство во Европската унија**

МК МК

[*] Секретаријатот за европски прашања интервенираше во текстот при што референцата Former Yugoslav Republic of Macedonia е заменета со уставното име Република Македонија

## А. ВОВЕД

### а) Предговор

Република Македонија го достави своето Барање за членство во Европската унија на 22 март 2004 година, а Советот на министри побара Комисијата да достави Мислење за барањето на 17 мај 2004 година, во согласност со постапката утврдена во член 49 од Договорот за Европската унија, во кој се наведува: „Секоја европска држава која ги почитува принципите наведени во член 6(1) може да побара да стане членка на Унијата. Таа го упатува нејзиното Барање до Советот, кој постапува едногласно откако ќе се консултира со Комисијата и откако ќе добие согласност од Европскиот парламент, кој постапува со апсолутно мнозинство од членовите од земјите што го сочинуваат.”

Во членот 6(1) се вели: „Унијата се заснова на принципите на слобода, демократија, почитување на човековите права и основните слободи, и владеењето на правото, принципи кои се заеднички за земјите членки.”

Тоа е правната рамка во согласност со која Комисијата го донесува сегашното Мислење.

Барањето на Република Македонија за членство е дел од еден историски процес, во кој земјите од Западен Балкан ја надминуваат политичката криза во нивниот регион и се ориентираат кон приклучување кон областа на мир, стабилност и просперитет што ја создаде Унијата. Во „Солунска агенда за Западен Балкан”, донесена од Европскиот совет во јуни 2003 година, ЕУ нагласи *„дека темпото на натамошно приближување на земјите од Западен Балкан кон ЕУ е во нивни раце и ќе зависи од однесувањето на секоја земја во спроведувањето на реформите, при тоа почитувајќи ги критериумите што ги постави Европскиот совет во Копенхаген во 1993 година и условеноста од Процесот за стабилизација и асоцијација.”*

Европскиот совет во Копенхаген, во јуни 1993 година заклучи дека:

„Земјите придружнички во Централна и Источна Европа кои сакаат, ќе станат членки на Унијата. Придружувањето ќе се случи веднаш штом земјата ќе биде способна да ги преземе обврските за членство преку исполнување на економските и политичките услови.

Членството бара:

- земјите кандидатки да постигнат стабилност на институциите што гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права и почитување и заштита на малцинствата;

- постоење на функционална пазарна економија, како и капацитет да се справи со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во Унијата;

- способност да се преземат обврските за членство, вклучувајќи и придржување кон целите на политичката, економската и монетарната унија.

Капацитетот на Унијата да прими нови членки, преку одржување на моментумот на европска интеграција, е исто така важен елемент во општиот интерес и на Унијата и на земјите кандидатки.”

Европскиот совет во Мадрид во декември 1995 година се осврна кон потребата „да создаде услови за постепено, усогласено интегрирање на земјите апликантки, особено преку развојот на пазарната економија, прилагодувањето на нивната административна структура и создавањето на стабилно економско и монетарно окружување.”

Условите на Процесот за стабилизација и асоцијација (ПСА) ги определи Советот на 29 април 1997 година, а вклучи и соработка со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија и регионална соработка. Овие услови се основен елемент на ПСА и се

интегрирани во Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со Република Македонија која влезе во сила во април 2004 година.

Според тоа, во своето Мислење Комисијата го анализира Барањето на Република Македонија врз основа на капацитетот на земјата да ги исполни критериумите што ги утврди Европскиот совет во Копенхаген во 1993 година и условите утврдени за ПСА, имено, условите што ги одреди Советот во неговите заклучоци од 29 април 1997 година.

Методот што се применуваше при подготовка на ова Мислење е ист како и оној од претходните мислења. Комисијата ја анализираше и сегашната состојба и среднорочните планови. За потребите на ова Мислење и без прејудицирање на иден датум за прием, среднорочните планови се определени како период од пет години. При подготовката на препораката за отворање на преговорите за прием, Комисијата особено внимаваше на постоечките капацитети на Република Македонија за исполнување на политичките критериуми.

Извештајот кој содржи детална анализа врз којашто се заснова ова Мислење е достапен за јавноста како посебен документ *(Аналитички извештај за Мислењето по однос на Барањето за членство во ЕУ на Република Македонија).*

**б) Односи помеѓу ЕУ и Република Македонија**

Република Македонија која беше најјужниот дел на Социјалистичка Федеративна Република Југославија со население од 2 милиона, стана независна во ноември 1991 година. Земјата одржува договорни односи со Европските заедници од 1996 година. Во 1997 година потпиша Спогодба за соработка како и Спогодба за трговија и текстил, кои влегоа во сила во 1998 година. Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) се потпиша во април 2001 година, а влезе во сила на 1 април 2004 година.

Главен предизвик за политичката стабилност на земјата од нејзината независност беше кризата од 2001 година. Охридскиот рамковен договор, потпишан на 13 август 2001 година и заложбата што власта ја покажа од 2001 година за нејзино спроведување доведе до враќање на стабилноста. Со Рамковниот договор беше потребно да се спроведе широка законодавна програма која се исполни во јули 2005 година. Владата продолжува со ефикасно спроведување на новата законодавна рамка која дополнително ќе ја засили климата на доверба и стабилност на земјата и ќе ја засили зголемената позитивна средина за интеграција во ЕУ.

Европската унија постојано го поддржува овој процес. Заложбата на Европската унија за мир и стабилност во земјата дополнително беше илустрирана со воената мисија на ЕУ „Конкордија“, која ја презеде мисијата на НАТО од март до декември 2003 година. По одлуката донесена во септември 2003 година на покана на Владата, во декември 2003 година ЕУ постави полициска мисија, „ЕУПОЛ-Проксима“. Таа има мандат да го консолидира законот и редот и реформата на полицијата. Сегашниот мандат на ЕУПОЛ-Проксима е до 15 декември 2005 година. Мониторинг мисијата на Европската унија е исто така присутна во земјата од 2001 година согласно со договорот склучен во 2001 година.

Комисијата финансиски ја поддржува Република Македонија во нејзините напори за европска интеграција, а ќе се насочи кон мерки за справување со недостатоците утврдени со ова Мислење. Усвоени се националните годишни КАРДС програми со вредност од €51 милион во 2004 година и €39 милиони во 2005 година.

## Б. КРИТЕРИУМИ ЗА ЧЛЕНСТВО

### 1. Политички критериуми

Република Македонија има стабилни демократски институции кои правилно функционираат, почитувајќи ги границите на нивните надлежности и соработувајќи меѓу себе. И покрај повторените препораки на ОБСЕ-ОДИХР по изборите во 2002 година, локалните избори во 2005 година беа обележани со серија сериозни неправилности. Навременото и соодветно спроведување на препораките на ОБСЕ-ОДИХР и заложбите на политичките партии, ќе бидат клучни за обезбедување на целосен интегритет на следните парламентарни избори. Опозицијата генерално има редовна улога во делот на функционирањето на институциите, а една партија од опозицијата одлучи да апстинира од работата на Собранието од април 2005 година.

Постојат силни заложби за спроведување на Охридскиот рамковен договор, а значајниот напредок остварен од 2001 година беше клучен за зајакнување на стабилноста на земјата. Заради натамошно зајакнување на климата на доверба и консолидирање на постигнувањата, Владата треба да продолжи со ефикасно спроведување на Рамковниот договор.

Владеењето на правото постепено се консолидира. Значајни напори се вложени во реформирањето на полицијата по кризата од 2001 година. Сепак, останува да се направат натамошни чекори за да се обезбеди владеење на правото на целата територија. Тоа вклучува продолжување со реформите во полицијата, кои се клучни за поефикасно работење на полицијата и спречување на можна ескалација на инциденти. Потребно е да продолжат напорите за подобрување на независноста и ефикасноста на судството, почнувајќи со измените на Уставот во согласност со препораките на Советот на Европа. Нивото на корупција останува високо и влијае врз повеќе аспекти на економскиот, социјалниот и политичкиот живот на земјата. Затоа, ефикасноста во борбата против корупцијата треба да биде зајакната.

Не постојат поголеми проблеми во областа на почитувањето на човековите права. Направени се поголем број уставни и законски измени кои обезбедуваат високо ниво на заштита на правата на малцинствата. Важно е да се продолжи со доследно спроведување на овие законски одредби.

Земјата целосно соработува со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија. Ратификуван е билатерален договор со САД за имунитет во однос на Меѓународниот кривичен суд кој не е во согласност со водечките принципи на ЕУ. Земјата е посветена на регионалната соработка. Во оваа област потребни се постојани напори, особено за да се реши прашањето за името со Грција, во интерес на добрососедските односи.

### 2. Економски критериуми

Во Република Македонија постои широк политички консензус за клучните елементи на економските политики. Економијата постигна висок степен на макроекономска стабилност со ниска инфлација, балансирани јавни финансии и ниска стапка на јавна задолженост. Либерализацијата на цените и на трговијата, како и приватизацијата, се во голема мерка завршени. Финансискиот сектор изгледа стабилен. Работната сила е со солидно општо образование, а земјата има обезбедено сосема добра сообраќајна и телекомуникациска инфраструктура. Економската интеграција со ЕУ е во напредна фаза.

Сепак, функционирањето на пазарната економија ја попречуваат институционални слабости, како на пример, бавните и сложени административни постапки, недостатоците во судството и незначителниот напредок во регистрацијата на земјиште и на сопственост. Како последица на тоа, бизнис климата не води кон стимулирање на инвестиции, посебно странски директни инвестиции и развој. Во прилог на тоа, функционирањето на пазарот на работна сила и на финансискиот пазар е со недостатоци, што го отежнува намалувањето на особено високата невработеност и го попречува кредитирањето на претпријатијата. Домашните и странски инвестиции се недоволни што резултира со низок раст на производството и опаѓање на конкурентноста. Постоењето на значителен неформален сектор доведува до големи дисторзии во економијата. Стоковната структура на извозот е небалансирана. Поради тоа, во оваа фаза, стопанството би се соочило со поголеми тешкотии во справувањето со притисокот на конкуренцијата во единствениот пазар. Решавањето на идентификуваните слабости преку продолжување со структурните реформи треба да придонесе кон зајакнување на функционирањето на пазарната економија и нејзината конкурентност.

### 3. Способност за преземање на обврските за членство

Способноста на Република Македонија да ги преземе обврските од членството е оценета во согласност со следните индикатори:

- обврските утврдени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација,
- напредокот во усвојувањето, спроведувањето и примената на *acquis*.

Република Македонија оствари напредок во примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и покрај тоа што треба да обрне внимание на почитувањето на роковите поставени во Спогодбата.

Земјата направи значителни напори во прилагодувањето на нејзиното законодавство со *acquis*, посебно во областите поврзани со Внатрешниот пазар и трговијата. Овие напори треба да продолжат. Сепак, земјата се соочува со големи предизвици при спроведувањето, а посебно при ефикасната примена на законодавството. Капацитетите на администрацијата и судството се сè уште слаби во многу области и треба значително да се зајакнат за да се обезбеди доследна примена на *acquis*.

Доколку продолжи со напорите, Република Македонија не би требало да има поголеми тешкотии во примената на *acquis* на среден рок, во следните области:

- рибарство;
- економска и монетарна политика;
- статистика;
- претпријатија и индустриска политика;
- трансевропски мрежи;
- наука и истражување;
- образование и култура;
- надворешни односи;
- надворешна безбедносна и одбранбена политика;
- финансиски и буџетски одредби.

Земјата треба да вложи дополнителни напори за да го прилагоди своето законодавство кон *acquis* и ефикасно да го спроведе и примени на среден рок, во следните области:

- слобода на движење на работници;
- право на основање претпријатија и слобода на давање услуги;
- слободно движење на капитал;
- финансиски услуги;
- здравствена заштита и заштита на потрошувачи.

Земјата треба да направи значителни и континуирани напори за да го усогласи своето законодавство со *acquis* и ефикасно да го спроведе и примени на среден рок, во следните области:

- јавни набавки;
- право на трговски друштва;
- информатичко општество и медиуми;
- земјоделство и рурален развој;
- безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика;
- сообраќајна политика;
- енергетика;
- оданочување;
- социјална политика и вработување;
- регионална политика и координација на структурни инструменти;
- правда, слобода и безбедност;
- царинска унија.

Доколку значително не се зајакнат напорите, земјата можеби нема да биде способна да ги исполни обврските од *acquis* на среден рок, во следните области:

- слободно движење на стоки;
- право за интелектуална сопственост;
- политика на конкуренција;
- финансиска контрола.

На полето на животната средина, многу значајни напори ќе бидат потребни, вклучувајќи и значителни инвестиции и зајакнување на капацитетите на администрацијата за примена на законодавството. Целосна усогласеност со *acquis* може да се постигне само на долг рок и ќе бара поголеми инвестиции.

## В. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Република Македонија има функционална демократија, со стабилни институции, во која се гарантира владеењето на правото и почитувањето на основните права. Земјата потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација (САА) во 2001 година, и од тогаш ги исполни обврските поврзани со Спогодбата на задоволителен начин. Република Македонија успешно ја спроведе законодавната агенда на Охридскиот рамковен договор со што придонесе за клучни политички и безбедносни подобрувања во земјата. Ваквото законодавство сега треба целосно да се примени. Земјата и понатаму се залага за регионална соработка. Република Македонија треба да вложи дополнителни напори особено на полето на изборниот процес, реформата на полицијата, реформа на судството и борбата против корупцијата. Врз основа на севкупниот напредок на постигнатите реформи, Комисијата смета дека земјата е на добар пат да ги исполни политичките критериуми утврдени од Европскиот совет во Копенхаген во 1993 година и со Процесот на стабилизација и асоцијација.

- Република Македонија презеде значајни чекори кон воспоставувањето на функционалната пазарна економија. Иако, земјата нема да може да се справи со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Унијата на среден рок, земјата започна со економски реформи, со кои, доколку енергично продолжат, ќе и овозможат да ја постигне целта во иднина.

- Република Македонија ќе биде во состојба да го преземе поголемиот дел од обврските за членство на среден рок, под услов да се вложат значителни напори да го усогласи своето законодавство со *acquis*, посебно ако овозможи спроведување и

примена. Доколку напорите значително не се забрзаат, земјата може да не биде во состојба да се усогласи со барањата на *acquis* на среден рок во областите на слободно движење на стоки, право на интелектуална сопственост, политика на конкуренција и финансиска контрола. Целосна усогласеност со *acquis* за животна средина може да се постигне само долгорочно, а ќе бара и поголеми инвестиции.

Во согласност со овие сознанија и земајќи го предвид, посебно, значителниот напредок што земјата го направи при исполнување на законодавната рамка поврзана со Охридскиот рамковен договор од 2001 година и по четири години спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (вклучувајќи ја и примената на одредбите за трговија во форма на Времена спогодба) Комисијата препорачува дека Советот треба да ѝ додели статус на земја кандидатка на Република Македонија. Статусот е политичко признавање на односот помеѓу Европската унија и Република Македонија на нејзиниот пат кон членство.
Комисијата смета дека преговорите за пристапување кон Европската унија со Република Македонија треба да започнат тогаш кога ќе се постигне доволно високо ниво на усогласеност со критериумите за членство.

Мислењето е пропратено со Предлог-Европско партнерство за Република Македонија со кое се одредуваат приоритетите што земјата треба да ги реши подготвувајќи се за започнување на преговорите. ЕУ ќе продолжи постојано да го следи напредокот на политичките реформи. Комисијата ќе достави извештај до Советот за постигнатиот напредок на Република Македонија до крајот на 2006 година.